Република Северна Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ
Примено: 20.11.2023
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 1505 | | |

До:
Изборна комисија за спроведување избор на Декан
на Факултетот за Ветеринарна медицина – Скопје
во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

# П Р И Ј А В А

од
проф. д-р Деан Јанкулоски

Почитувани,

Врз основа на Одлуката бр. 0202-1334/2 донесена од Наставно-научниот совет на Факултетот, на седница одржана на 25.10.2023 година, за започнување на постапка за избор на декан, имам чест да се пријавам за кандидат за функцијата декан на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје.

Во прилог на пријавата, Ви ја доставувам програмата за работа на кандидат за декан на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје во состав на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Со почит,

Скопје, 20.11.2023

Подносител на програмата
проф. д-р Деан Јанкулоски

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

# П Р О Г Р А М А

за работа
на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје
во состав на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
(мандатен период 2024-2027)

кандидат
**проф. д-р Деан Јанкулоски**

20.11.2023

Скопје, Република Северна Македонија

Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

# Содржина

1. Вовед ........ 1
2. Стратешки документи и легислатива ........ 5
3. Високо образовна дејност ........ 6
3.1. Уписна политика ........ 7
3.2. Наставни програми ........ 8
3.3. Додипломски студии ........ 9
3.4. Последипломски студии ........ 11
3.5. Студентско собрание ........ 13
3.6. Напредување на студентите ........ 13
3.7. Грижа за студентите ........ 15
4. Научно-истражувачка дејност ........ 16
5. Меѓународна соработка ........ 20
5.1. Соработка и членување на Факултетот во меѓународни асоциации ........ 21
6. Применувачка дејност ........ 21
7. Обезбедување на квалитет ........ 26
9. Финансиско работење ........ 29
10. Заклучок ........ 32

## 1. ВОВЕД

Почитувани колеги

Декан на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје при Универзитетот Св. "Кирил и Методиј" во Скопје претставува почесна и престижна функција која се заснова на почитување на струката и длабоко всадената пракса, чии основни насоки треба да се втемелени на традицијата, позицијата, значењето и угледот. Позицијата на декан за чие извршување е потребна висока совест и одговорност, темелна работа и посветеност, отсекогаш била од исклучителна важност во зачувувањето и придвижувањето на традиционалните академски вредности, а денес тоа е повеќе од било кога претходно, позиција во која секојдневно е неопходно успешно справување со предизвиците кои се наметнуваат на институционално, национално и меѓународно ниво. Се разбира успехот на деканот е можен само преку вклучување и придонес на секој вработен на Факултетот преку транспарентна, одговорна, чесна, искрена и зедничка работа, развој и унапредувањето на дејностите како и професионализмот при извршувањето на работните обврски. Извршувањето на функцијата декан на ФВМ-С претставува и привилегија за исполнување на визијата и мисијата на Факултетот.

Денес, како кандидат за декан, зад мене се 18 години на препознаена научна, стручна, наставна и применувачка работа на ФВМ-С при УКИМ. Од позицијата помлад асистент во 2003 година напредував до позицијата редовен професор во 2021 година. На својот професионален пат учествував во работата на бројни Комисии на Факултетот. Во рамките на својата работа во струката, применувачката дејност и науката работев како раководител на Институтот за храна во претходниве 11 години. Успешно водев неколку национални проекти, а бев член и во меѓународни научно-истражувачки проекти, член во комисии за изработка на правилници кои се дел од националната легислатива, член на нацоналниот совет за безбедност на храна и др. Со текот на времето го стекнав и своето работно искуство кое ми овозможува објективно и со полно разбирање, денес да проценам и одговорам на голем број предизвици и проблеми со кои

секојдневно се среќаваат вработените на Факултетот и нашите студенти. Со своето искуство кое го сметам за исклучително достигнување стекнато преку соработката со врвните научници, наставници, стручни соработници, студенти и вработени, од земјата и странство, можам да разгледувам бројни, за нашиот Факултет, струка, апликативна дејност и наука, важни прашања. Позицијата декан е можност директно да учествувам во координација и управување со еден комплексен систем кој е заснован на принципите на добра академска пракса, колегијалност и соработка.

Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје претставува институција која освен примарната дејност, едукација на доктори по ветеринарна медицина и истражување, јасно е препознаена и докажана институција во државата која се занимаваа со тестирање и обезбедување експертиза за бројни активности во ветеринарната медицина. Дејностите на Факултетот се занимаваат со проблематиката на заразните болести, квалитетот и безбедноста на храна, благосостојбата кај животните, менаџментот со стадото, репродукцијата кај животните и клиничката дејност. Успехот во коегзистирањето на сите овие дејности на ФВМ-С се предизвик за секој декан, бидејќи Факултетот е институција од стратешки интерес и дизајниран за потребите на државата.

Во последава деценија на своето дејствување, Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје се профилираше како еден од најзначајните факултети како составна единица на Универзитетот Св. "Кирил и Методиј" во Скопје, статус кој се разбира, како иден декан, имам намера да продолжам да го одржувам и подобрувам секоја следна година, со цел обезбедување на континуитет во работењето и зачувувањето и унапредувањето на позицијата на секој вработен на Факултетот.

Како иден декан на Факултетот своите политики на раководење ќе ги базирам врз основа на донесените стратешки документи на ФВМ-С и УКИМ и ќе ги почитувам сите иницијативи кои водат до зачувување и унапредување на нашиот статус во сите сегменти во кои делува Факултетот. Во следниот мандатен период ќе се раководам од принципите за зачувување на одржливиот развој со примена на современи методи на настава, наука, применувачка дејност, иновации со вклученост на секој вработен на Факултетот со својот академски и професионален капацитет .

Позиција на Факултетот во општеството која и досега ја имаше, е резултат на пожртвуваноста на колегите кои со напорна работа и стручност, академски и пред се персонално се вложија во постигнувањето на ова цел. Во периодот кој што следува, на сите, а особено на деканот и деканатската управа, ни претстои значајна активност поврзана со имплементација на одредбите од Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во овој процес престојат значајни структурни промени во начините на фрункциноирање и организирање на работата која ќе ја вршат вработените на Факултетот. Оваа одлука преставува голем предизвик за наставниот, научниот, соработничкиот кадар, аналитичарите, лаборантите и сите вработени на Факултетот. Времето во кое стапува на сила новиот статут е во период на големи предизвици пред кои целиот колектив треба да се исправи, сплотени и единствени, со цел Факултетот да ја зачува својата позиција на врвна едукативна, научна и апликативна установа од областа на ветеринарната медицина во земјата и пошироко во регионот, за што како кандидат за декан ќе посветам посебно време и внимание на целокупниот процес со пристап до деканот и деканатската управа на секој вработен во колективот со идеи за успешно спроведување на одредбите во статутот. Секако статутот посветува посебен акцент на изведување на високообразовна дејност поврзана со соодветното научно-истражувачко поле за развојни, применувачки и фундаментални проекти и активности. Пред нас е процес на интеграција на институтите во еден единствен Национален институт за ветеринарство и храна кој ќе ја врши применувачка дејност на Факултетот. Единствениот институт во рамките на ФВМ-С ќе работи во конкурентски услови на пазарот во државата и пошироко, ќе биде носител на добар дел од финансиските приходи кои се користат за продолжување и унапредување на применувачката, образовната и научно-истражувачката дејност како и на останатите активности од делокругот на Факултетот. Се разбира успешното спроведување на статутот е одговорност на деканот и деканатската управа, но неопходна е целосна инклузивност на сите вработени кои со својата посветеност и професионалност се исклучително значајни, поради што нивните конструктивни идеи и предлози ќе бидат подржани од деканот и деканатската управа. Во иднина, согласно измените,

деканатска управа на Факултетот ќе биде составена, освен досегашните позиции на продекан за настава, продекан за наука и меѓународна соработка, продекан за финансии и инвестици, и продекан за применувачка дејност и управување со квалитет.

Деканот на Факултетот, заедно со својот тим, членовите на деканатската управа, имаат обврска да го одржат стабилниот економски просперитет и развој на ФВМ-С, и да воспостават научна, стручна соработка со сите институции во земјава и во странство преку кои ќе ја афирмираме својата едукативна, научна, применувачка и клиничка дејност.

Предизвици од кои ќе се водам како иден декан се и промовирање ветеринарната професија, унапредување на високото образование, интернационализација и интердисциплинарност, препознатливост и конкурентност во применувачката работа, квалитет во едукација во согласност со современите трендови на ветеринарната медицина и барањата на општеството, врз кои основи и во иднина ќе се темели развојот на ФВМ-С. Заедно со својот тим како декан ќе превземеме лидерство, одговорност и почит за секој вработен кој има креативни идеи, размислувања и визија за развој. Задачите на кои ќе работам интензивно во следниот период ќе бидат обезбедување на услови за квалитетна настава врз основа на современите научни сознанија, развој на науката и применувачката активност, и инерактивната комуникација помеѓу наставниот кадар и студентите.

Се разбира како декан работам и ќе ги почитувам законите и сите правни акти од областа на високото образование, но и другите закони според кои треба да се раководи ФВМ-С во исполнување на своите дејности. Посебно внимание ќе посветам на почитување на легислативата од областа на финасиите, правата на вработените и студентите, почитување на интегритетот и достоинството на личноста, правото на академска слобода на наставно-научниот кадар и сите вработени и студенти кои предлагаат креативни идеи, поттикнување и подршка на иницијативите и професионализмот во работењето, унапредување на професионалните односи и почитувањето помеѓу вработените. Се разбира во стварување на овие цели ќе се водам единствено од мерливите критериуми преку евалуација и унапредување на вработените, и моето досегашно искуство кое се темели на принципи на стручност, способност, чесност, професионалност

и стекнатите компетиции со постигнатите резултати во извршувањето на досегашните работните обврски на Факултетот.

Факултетот во иднина треба да продолжи како и досега да се води од приципите на Европските акредитирани ветеринарни институции понатамошно развивање на едукацијата, научно-истражувачкиот капацитет, унапредување на применувачката и клиничката дејност.

Како кандидат за избор на иден декан Ви доставувам Програмата за работа на ФВМ-С во наредниот мандатен период (2024-2027), која е во согласност со законските и подзаконските правни акти кои го регулираат високото образование и правните акти на УКИМ и нашиот Факултет.

Во неа се прикажани моите размислувања за понатамошен развој во сите дејности кои ги остварува Факултетот, наставна, научна, апликативна и клиничка дејност, кои претставуваат една неделива интегрална целина.

## 2. Стратешки документи и легислатива

Иако своето делување ќе го темелам на правните акти, како постоечки така и оние кои во идниот период ќе се донесат, многу е важно да се посвети внимание на фактот дека резултатите во водењето на било кој установа пред сé се резултат на заедничките напори на сите вработени низ вклученост, одговорност и предана тимска работа во мотивирано опкружување. При тоа истакната улога му припаѓа на деканот и неговиот декански тим кој во своето работење неопходно мораат да водат сметка за традицијата, позицијата, значењето и угледот на нашиот Факултет во рамикте на УКИМ, како и во рамките на општествениот поредок на РС Македонија.

Осмислувањето на програмата за декан ја темелам на плановите за развој базирани на стратешките документи на Факултетот, но и стратешки документи на УКИМ, Министертвото за образование и европските и меѓународните прописи и документи и акти на Факултетот кои се однесува на обезбедување на квалитетот (студентски анкети и анкети на корисници на лабораториски услуги, анкети од раководители на лаборатории), како и документацијата на која ќе се базираат идните стратегии во развојот на Факултетот.

Со наведените документи ова програма се базира и на доставените извештаи од акредитацијата од претходните спроведени национални

вреднувања спроведени од Агенцијата за квалитет на високо образование и меѓународните извештаи од превизитација на Европската асоцијација на установи за ветеринарно образование (EAEVE) од 2016 година.

Меѓу бројните документи на кои секојдневно се темели работата и дејствувањето на системот за високото образование така и на нашиот Факултет, а на чии темели и Програма која ви ја претставувам, би го издвоил следново.

Уште од самото свое основање, ФВМ-С тежнее кон развој согласно европските стандарди, по углед на факултетите од државите членки на Европската Унија кои се членки на Европската асоцијација на ветеринарни високообразовни установи (European Association of Establishments for Veterinary Education - EAEVE) која има улога на „акредитациско тело“ кое го контролира и оценува квалитетот на ветеринарните студиски програми во Европа. ФВМ-С е членка на EAEVE од 1996 година и ги применува стандардите пропишани за т.н. „регулирани професии“ и директивите 2005/36/ЕУ и 2013/55/ЕУ за признавање на стручните квалификации и Болоњската декларација од 1999.

Дејноста на ФВМ-С е утврдена со следниве закони и акти како, Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, Одлуката на Владата на Р Македонија за националната класификација на дејностите, Закон за научноистражувачка дејност, Закон за вработените во јавниот сектор, Закон за признавање на професионалните квалификации, Закон за работни односи, Закон за студентскиот стандард, Стратешки план за развој на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за периодот 2018-2023 година и Извештај за самоевалуација на квалитетот на високообразовниот процес на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот 2017-2020 година и други.

## 3. ВИСОКО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Образовниот процес преставува основна дејност поради кој е основан Факултетот, за чие унапредување потребно е перманентно да работиме и вложуваме. Системот за обезбедување на квалитет, не обврзува на континуирано унапредување на студиските програми и подобрување на општите услови за настава на Факултетот за ветеринрарна медицина како

регулирана професија. Доказ за посветеноста на Факултетот во постигнувањето на високите стандарди во едукација на идните докторите по ветеринарна медицина е следење на националните и светските трендови и непрекинато унапредување на наставните процеси согласно законските прописи во подрачјето на наставната дејност. На Факултетот се применува новиот наставен план и програма воведен во 2023 година кој целосно усогласен со Директивата 2005/36/ЕУ дополнета со Директивата 2013/55/ЕУ за признавање на стручните квалификации, EAEVE станардите, Законот за високото образование и правни акти на УКИМ. Спроведена е ревизија на правилата за студирање со олеснување на преминот на студентите од еден семестар во друг. Тоа овозможи поефикасна и поуспешна проодност на студентите. Исто така подобрен е системот за непристрасна и објективна евалуација на знаењата на студентите.

### 3.1 Уписна политика

На вкупниот број запишани студенти на ФВМ-С влијаат постоењето на уште еден Факултет за ветеринарна медицина во РС Македонија, демографска состојба, зголемениот одлив на млади луѓе на студии надвор од нашата земја и економската состојба. Заради тоа се наметнува потребата за ревидирање на уписната политика, согласно индикативните критериуми (пр. потребата од докторите по ветеринарна медицина на пазарот на трудот, ресури и сл) во однос на вкуниот број студенти кои се запишуваат и студираат на ФВМ-С. Во иднина ќе настојувам уписната политика да се планира според направената анализа за потребите на пазарот и пошироко, за одредување на насоките во кои треба да се движи уписот на новите студенти, превземање на мерки за активна уписна политика и промотивни активности кои и досега ги имаше Факултетот, со цел зголемување на бројот на студентите. Заради постигнување на повисок квалитет и селекција на идните студенти, сметам дека Фалултетот во иднина треба да ја разгледа можноста за воведување на тестови за дополнителна проверка на знаењето, со што би се овозможило понатамошно успешно совладување на наставата на студентите со претходни стекнати предзнаења од делот на базичните и предклиничките предмети. Секако оваа мерка ќе биде директно поврзана со бројот на пријавените кандидати.

Моја заложба ќе биде и интензивна презентација на студиските програми на англиски јазик во странство, како и дополнителна промоција на постоечките специјалистичките студии и студиските програми од трет циклус.

## 3.2 Наставни програми

Наставната дејност на Факултетот се одвива согласно акредитираните студиски програми, кои уште од почетокот со воведениот ЕКТС систем подложат на постојани промени, согласно укажувањата на EAEVE, како и потребите на пазарот. Со измените во студиската програма воведени во 2018/2019 година, најголем акцент е посветен на клиничката и теренската практика. Ќе работам на создавање на соодветни услови за студирање согласно измените во новата студиска програма која започна од академската 2023/2024 година, а се согласно одредбите од ЗВО, која е усогласена со студиските програми со дел од ветеринарните факултети од регионот и пошироко, каде е воведена е промена во времетраење на студиите од 6 години, со што студентите се стекнуваат со вкупно 360 ЕКТС кредити. Во новата студиска програма голем акцент е ставен на условите и критериумите за напредување на студентите, клиничката, теренската практика, како и самостојната пракса надвор од рамките на факултет заедно со практиката во претпријатија за производство за храна како задолжителни предмети.

Со измена на студиската програма сметам дека ќе се олесни и процесот на мобилност кај студентите користејќи ги програмите на CEPUS и ERASMUS, бидејќи на тој начин студентите ќе можат непречено да ја следат наставата надвор од матичниот факултет.

Со цел навремено идентификување на недостатоците во тековните студиски програми, ќе се залагам за можност за нивна измена во текот на студиумот, согласно законските дозволените рамки.

Во идниот период како декан Ве уверувам дека ќе продолжам со активностите за остварување на целта - Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје да стане рамноправен член на EAEVE, што е европски тренд на ветеринарните факултети. Секако тоа ќе биде логичен редослед на настаните и заложбите на колегите кои неуморно работат и се залагаат за постигнување на

оваа цел, со што нашата иснитуција ќе биде препознаена на регионално и на меѓународно ниво.

### 3.3 Додипломски студии

Во последниве години како колектив стекнавме значајни искуства во примената и имплементацијата на ЕКТС системот, процес во кои беа увидени предности и недостатоци кои постојат во наставната програма на интегрираниот прв и втор циклус на студии по ветеринарна медицина. Како декан ќе се залагам за зголемен фонд за практичната настава во баланс со теоретската настава, согласно EAEVE стандардите и домашната легислатива. И во иднина, согласно прирачникот за квалитет според стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018 и процедурите за пристап во акредитираните лаборатории, капацитетите на истите ќе се користат за едукативни цели со контролиран пристап на студентите, во време кога не се вршат тестирања. На располагање ги имаме и капацитетите и стекнатите услови за зголемена практична работа на студентите кои ги нуди новата УВБ. Истовремено, ќе настојувам на зголемување на бројот на договори за настава преку соработка со ветеринарни станици и амбуланти, фарми за сите животински видови, ловечки друштва, кланици, млекари, компании за производство за храна, фармацевстки компании и сл. И во иднина ќе настојувам да се зачуваат можностите за on-line настава со користење на различни интернет алатки особено Teams платформата со опциите кои ги нуди за размена на информации, имплеметирана преку ситемот на Microsoft 365, и имплементација на самостојното учење (*self-directed learning*) под надзор на наставник од соодветните наставни програми.

Со цел привлекување на нови студенти на нашиот Факултет и унапредување на едукацијата ќе се заложам Факултетот да започне постапка за отварање на студии кои ќе понудат поинакво ниво на компетенции стекнати во текот на три или четири годишни студии со соодветен степен на образование. Ветеринарната медицина како и останатите регулирани професии смеат да имаат ваков тип на студии, а позитивен пример за тоа се медицинскиот, фармацевскиот и стоматолошкиот факултет кои се единици на УКИМ, а кои повеќе години имаат воведено ваков степен на образование.

Секако одлука за тоа треба да донесе Наставно-научниот совет пред кој како иден декан ќе поднесам иницијатива и за чија цел ќе формирам работна група која ќе изготви анализа за можностите од имплементација на ваков тип на студии следејќи ја законската рамка на која се темели ветеринарната едукација. Одлуката ќе биде заедничка на највисоките тела на ФВМ-С, а единствената цел ќе биде привлекување на нови студенти на нашиот Факултет и унапредување на едукацијата.

Со цел подигнување на квалитетот на наставниот процес, во претходниот период беа набавени и соодветни нагледните средства и симулациски модели за настава во клиничките дисциплини. Со тоа Факултетот ги исполни барањата за меѓународна евалуација и се основна алатка за едукација на студентите и запазување на принципите за благосостојбата на животните. Како декан и во иднина ќе продолжам да вложувам во унапредување и адаптација на просторот, опремување на предавалните, вежбалните, дијагностичките лаборатории, лабораториите за тестирање и УВБ преку набавка на помошни средства и лабораториска опрема за изведување на современа настава. Се разбира ќе го поддржувам издавањето на учебници, учебни помагала и друг вид на литература од страна на нашиот наставен и научен кадар. Набавка на странска литература и стручни книги, пристап до релевантните меѓународни бази на научна и стручна литература која се користи на Факултетот како и досега и во иднина ќе остане на листата на приоритетите.

Еден од предусловите за успешност во процесот на EAEVE евалуација е формирање на Анатомски и пато-анатомскиот музеј за што следниот период ќе работам. Во изминатиот период беа решени просторните капацитети за обдукциската сала која сега ги има сите потребни услови за патоанатомски преглед и едукација на студентите. Во наредниот период ќе се заложам за обезбедување на просторни услови за употреба на набавените анимални модели (Clinical skills lab), како надгледно-наставни помагала во процесот на едукација на студентите, согласно потребите и стандардите на EAEVE, а со цел отстранување на главните недостатоци кои ни беа посочени при консултативната визита во 2016 година.

Со цел реализирање на идејата за мобилна амбулаторна клиника, ќе се заложам за набавка и опремување на соодветно возило по примерот на

европските земји и согласно стандардите на EAEVE за исполнување на критериумите за бројот на пациенти.

Како декан ќе го продолжам започнатиот процес од 2020 година, кога беше акредитирана студиската програма од интегриран прв и втор циклус студии по ветеринарна медицина на англиски јазик, за која интересот во изминативе две години се повеќе се зголемува. Еден од поголемите проблеми кои ги увидов во изминатиов период е уписот на странските студенти согласно условите пропишани во Конкурсот. Имено, самиот процес на нострификација одзема прилично долго време, од подготовка на документите за нивна нострификација и апликација до МОН што може да потрае и неколку месеци. Имајќи предвид дека интересот за студиската програма на англиски јазик е се поголем, сметам дека Факултетот треба да се избори за забрзување на целиот процес, за што ќе побараме и поддршка од УКИМ и МОН, и разгледување на можноста за промена на уписната политика за странските студенти.

На крајот на студиите, со цел да се заокружи едно поглавје при стекнување со титулата Докторот по ветеринарна медицина, како регулирана професија ќе предложам полагање на свечана заклетва на денот на доделување на дипломите.

### 3.4 Последипомски студии

Втор циклус специјалистички академски и стручни студии и програма на клиничко стажирање (clinical internship)

Покрај додипломските интегрирани студии од прв и втор циклус, особено ќе се залагам за воведување на специјалистички стручни студии, втор циклус академски-постдипломски студии, како и воведување прв циклус стручни студии со времетраење од три години. Стекнатата квалификација ќе биде согласно Националната рамка за високообразовни квалификации утврдена со Законот за национална рамка за квалификации.

Со воведување на нови студиски програми на македонски и англиски јазик, сметам дека ќе се овозможи поголема динамичност особено кај вработените што ќе доведе до нивно надградување во потесни области. Имајќи предвид дека интересот на студентите за студиската програма на англиски јазик е се

поголема, со воведување на стручните специјалистички студии на англиски јазик би се привлекле и поголем број на странски студнети, кои ќе се обучат и специјализираат во потесните научни области.

Како декан особено внимание би посветил на промоцијата на докторските студии, кои се важен сегмент на секоја високообразовна институција во однос на зголемување на бројот на запишани студенти на постоечките студиски програми, како и зголемување на бројот на менторите од страна на вработените.

Мерките кои би ги спровел во однос на привлекување и зголемување на бројот на студентите, како и заживување на постојните и идните студиски програми, е преку воведување на систем на бројни награди и стипендии, како и проактивното менторирање од страна на наставниците-ментори.

Секако, не би ја изоставил можноста за воведување на т.н програма на клиничко стажирање (clinical internship) со која докторите по ветеринарна медицина би имале можност за едногодишна до-едукација во областите на клиничките предмети со усовршување на претходно стекнатите знаења и вештини, што особено се однесува на ветеринарните практичари. Со воведување на оваа програма, докторите по ветеринарна медицина во одреден период со клинички ротации ќе се обучуваат под надзор на предметните наставници од клиничките предмети вклучени во работата на Универзитетската ветеринарна болница.

Во поглед на последипломските студии, ќе иницирам воведување на нови специјалитички и докторски студии од области од кои има интерес пред сѐ ФВМ-С но и пазарот на труд во нашата држава.

Како и досега ќе се води сметка да се покријат сите трошоци за студирање на трет циклус на нашите помлади вработени колеги за научно-истражувачка работа, почитувајќи ги правилниците кои ја регулираат оваа проблематика.

Европски трендови во постдипломската едукација се во потполна интернационализација, мултидисциплинарност, флексибилност и акредитација со цел да обезбедат квалитет во образованието преку т.н joint degree програми. Поради тоа како декан ќе работам на развој на интердисциплинирани “joint/double degree” програми со други ветеринарни факултети. Развој на заеднички студиски програми преставува основа за

модернизацијата во високото образование и механизам за поврзување на академските ресурси кој ќе обезбеди имплементација на неговата Европската димензија.

### 3.5 Студентско собрание

Студентското собрание и неговите активности се одредени согласно ЗВО, Статутот на ФВМ-С и Статутот на ФСС при ФВМ-С. Целта на Студентското собрание е застапување на интересите на студентите на нашиот Факултет, како и учество во работата на Наставно-научниот совет. Со цел подобра комуникација и транспарентност на одлуките кои се однесуваат на самите студенти, како кандидат за Декан особено ќе се залагам за одржување на состаноци со претседателот на ФСС и неговите членови во редовни месечни термини самостојно но и со членовите на Деканатската управа. Оваа непосредна комуникација, сметам дека значително ќе влијае во решавање на секојдневните проблеми или недоразбирања со кои се соочуваат не само студентите, туку и ние како нивни наставници.

### 3.6 Напредување на студенти

Состојбата со светската пандемија од 2020 и 2021 година, со која сите бевме затекнати претходниот период како и воведената наметната настава од далечина значително влијаеше врз квалитетот на наставата особено на активните и одлични студенти. Со тоа се увиде дека програмата и наставата од далечина не е доволно прилагодена за студии по ветеринарна медицина. И понатаму останува можноста која се нуди за наставата на далечина во однос на надополнување или консултации, сметам дека истата треба да се прилагоди и да се користи во исклучителни случаи со цел да ги вратиме добрите студенти и да им овозможиме повисок квалитет на настава кој го заслужуваат.

Со цел напредување во поглед на наставата, согласно Одлуката за правила на студирање, ќе се залагам за заживување на можноста студентите да ја практикуваат т.н хоризонтална мобилност односно да запишат предмети од студиски програми од други факултети.

Освен досега имплементираниот IKNOW систем, следејќи ги потребите и укажувањата на EAEVE, како иден декан ќе се залагам за постепена

имплементација и на iLearn кој е најсоодветна алатка во однос на електронската евиденција за достигнувањата на студентите, можност за комуникација со предметните наставници, електронска следливост на сите пишани документи поврзани со наставата, односно е во согласност со барањата на EAEVE.

Се разбира дека на студентите не смееме да гледаме како на статистика. Тие се млади луѓе кои ни ја дале својата доверба запишувајќи се на ФВМ-С, а ние како нивни наставници и ментори треба да им дадеме најдобро знаење и вештини. За таа цел како декан особено ќе се залагам за активно вклучување и аплицирање на Факултетот на проекти од Европската унија, со кои ќе овозможиме унапредување на квалитетот на студирањето, доопремување на компјутерската училница, зголемување на библиотечниот фонд со нова стручна литература, пристап до стручни и научни студентски бази, како и основање на алумни центар со што би се поврзале со останатите студенти по ветеринарна медицина не само од регионот, туку и пошироко и би помогнале во понатамошно надградување и вработување на нашите студенти и идни доктори по ветеринарна медицина.

Во насока на остварување на повисок квалитет на наставата и подобрување на можностите за вработување на нашите студенти, како кандидат за Декан ќе се залагам за подобрување на квалитетот на наставата, преку имплементација на програмата на самостојно учење (self directed learning) под надзор на наставник. Ќе работам на подобрување на материјалните услови за учење и работа на Факултетот, поттикнување на студентите за учество на локални и меѓународни натпревари и научни конференции, преку јавни (отворени) конкурси, работилници, советувања и сл., со што постигнатите резултати ќе овозможат промоција на студентите и на нашиот Факултет. Ќе превземам мерки за олеснување и поттикнување на кариерен развој на студенитите преку зголемена активност на алумни центарот и центарот за кариера. Покрај тоа како кандидат за Декан особено ќе се залагам за потребите на студентите и нивната лична благосостојба, како и воведување на можноста за психолошка поддршка или советување кое сметам дека ќе придонесе за подобрување на студентскиот стандард, нивниот личен и професионален развој.

## 3.7 Грижа за студентите и нивната вклученост во работата и телата на ФВМ-С

Факултетското студентско собрание при Факултетот за ветеринарна медицина (ФСС при ФВМ-С), е тело чии активности и функционирање се одредени согласно ЗВО, Статутот на ФВМ-С и Статутот на ФСС при ФВМ-С во кое членуваат претставници на студенти од секоја година.

Целта на Студентското собрание е застапување на интересите на студентите на нашиот Факултет, како и учество во работата на Наставно-научниот совет и Деканатската управа, преку свои делегирани претставници. ФСС избира свои челнови-претставници во Универзитетското студентско собрание (УСС УКИМ), кои пак од друга страна учествуваат во работата на телата на Универзитетот. Со цел подобра комуникација и транспарентност на одлуките кои се однесуваат на самите студенти, како кандидат за Декан особено ќе се залагам за одржување на состаноци со претседателот на ФСС и/или неговите членови во редовни месечни термини самостојно, како и со членовите на Деканатската управа. Оваа непосредна комуникација, сметам дека значително ќе влијае во решавање на секојдневните проблеми или недоразбирања со кои се соочуваат не само студентите, туку и ние како нивни наставници.

ФСС при ФВМ-С особено во изминатава година, слободно можам да кажам дека бележи значителен подем во однос на нивните активности. Ќе работам за понатамошно одржување и продолжување на праксата на контакти на студентите со колегите од регионот, продолжување на мрежното поврзување и соработка. Преку промотивните работилниците за мобилност организирани од страна на Факултетот, заедно со продеканот за настава и координаторите на програмите за мобилност ERASMUS И CEEPUS ќе ги поттикне студентите поактивно да се вклучат и да ги користат достапните мобилности.

Една од предностите е малата бројка на студенти на ФВМ-С, која овозможува непречена комуникација и соработка, пронаоѓање заеднички решенија во поглед на наставата и постигнување на високо квалитетни студии согласно поставените стандарди на EAEVE. Со тоа ќе се овоможи препознавање на квалитетот на нашите студенти не само во земјата туку и во странство.

Ќе се залагам и понатаму студентите да имаат своја студентска просторија за нивно непречено комуницирање, одржување на состаноци за пронаоѓање идејни решенија во поглед на подобрување на студентскиот живот во текот на стрдирањето на ФВМ-С. Како и досега, Факултетот и понатаму ќе работи на обезбедување на средства со цел покривање на трошоците за учество на студентите на бројни симпозиуми, хуманитарни акции, студентски активности, натпревари и сл., а особено ќе се залагам за воведување на студентско списание каде студентите заедно со наставно-научниот и соработничкиот кадар на Факултетот ќе објавуваат свои трудови, во чија изработка ќе бидат директно вклучени.

Од особено значење при спроведување на наставата е заштита на студентите преку почитување и примена на мерките на биосигурност на кои треба сите заедно да осврнеме внимание, согласно препораките на EAEVE, за што како декан ќе инсистирам на нивната доследна примена.

Како идна цел во однос на подобрување на студентскиот стандард на нашиот Факултет е пронаоѓање решение за достапност на сите останати згради за студенти со инвалидитет, имајќи предвид дека поголем дел од просторните капацитети на ФВМ-С не се прилагодени и истите се недостапни за студенти со инвалидски помагала. Заради тоа, би се залагал во пронаоѓање на средства за реализација на идеен проект со кој ќе се надминат и отстранат градежните препреки за достапност на стденти со инвалидидет.

## 4. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Науката и научните истражувања се еден од основните столбови на кои се темели работата на Факултетот. Научно-истражувачката дејност е единствениот мерлив показател за прогресот на секоја институција која се бави со високообразовна дејност. Преку параметрите на Научно-истражувачката дејност се следи професионалниот ангажман на професорите, научниот кадар и соработниците. Преку тие мерила и се одредува рејтингот на установата но и квалитетот на дејноста.

ФВМ-С има огромен потенцијал за наука и истражување со оглед на опременоста на лабораториите, апликацијата, искусниот и обучен персонал. Независно од постојните ограничувања во државата во овој сегмент, особено од

финансиски аспект, Факултетот треба да посветува значително внимание во идентификување и обезбедување на можност за развојот на сериозна научно-истражувачка дејност. Поради тоа деканот заедно со научно-наставниот кадар на Факултетот треба да работи на изнаоѓање на извори за финансирањето на научно-истражувачката дејност. Досегашните програми и проекти за научно истражување овозможија во континуитет да се зголемува бројот на спроведени истражувања на Факултетот самостојно или во партнерство со други домашни и меѓународни научни институции. Во овој контекст може да се издвојат програмите за поддршка на научни и стручни проекти како Horizon Europe, COST, ERASMUS +, FAO, IAEA и др., како и националните програми обезбедени од државните институции како Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за храна и ветеринарство, Фондот за иновации и др. И понатаму ќе се залагам за сопствено финансирање од страна на ФВМ-С на три проекти во траење од две години, преку спроведување на интерен конкурс, со презентација на резултатите од истражувањето и поднесување на годишни извештаи до наставно-научниот совет за реализираните активности. Останува обврската добиените резултати од секој проект да бидат публикувани во меѓународно списание со фактор на влијание и списанието Macedonian Veterinary Review со што ќе се зголеми видливоста и претпознатливоста на Факултетот. Оваа препознатливост е еден од предусловите за конкурирање на нашите истражувачи на меѓународни отворени повици за проекти.

Како декан ќе настојувам да се креира база на актуелни национални повици достапна за наставно-научниот и научен кадар на Факултетот како и да се направи промоција и поддршка на активна партиципација во постојните и идните Акции на COST програмата, партиципација во ИПА програмите, особено во ИПА III инструментот за претпристапна помош на Европската комисија. Поради целите за успешно пишување и апликација на проекти ќе иницирам спроведување на циклус на обуки. Неопходно е и учество во останати меѓународни, билатерални и национални програми за финансирање на научно-истражувачки и стручни проекти и поддршка и зголемен број на објавени научни публикации на наставно-научниот и научниот кадар на

Факултетот, вклучително и финансиска, во процесот на публикација на научни трудови во меѓународни списанија со фактор на влијание. Како декан ќе се залагам за поддршка во партиципација на наставно-научниот и научниот кадар на меѓународно признати научни и стручни конгреси, развој на процедури за организација на кадарот и искористување на постојните ресурси во насока на спроведување на научни истражувања и публикации и слободен пристап до светските научни бази на публикации. Од останатите облици на поддршка со цел зголемување на видливоста на Факултетот во полето на науката и научните истражувања ќе давам поддршка во развојот на списанието „Macedonian veterinary review" едно од ретките на УКИМ кое е индексирано во најпрестижните научни бази као што се SCImago, Scopus, Ebsco и Cliravite Analitycs (поранешен Thomson Reuters), кој неодамна се стекна и со фактор на влијание IF=0.4 според Clarivate Analytics®, преку зголемување на бројот на публикации од страна на наставно-научниот и научниот кадар на Факултетот, особено публикации кои се од национален научен интерес, промоција на списанието на меѓународно ниво. Поддршка на уредувачкиот одбор во насока на континуитет и развој на списанието и одржување и развој на веб платформата на списанието и контрибуција во подобрување на неговата метрика.

Ќе се заложам како декан во текот на мојот мандат за зголемување на бројот на научно-истражувачки и стручни проекти на Факултетот преку продолжување на интерните повици за финансирање на научно-истражувачки проекти поддржани и финансирани од Факултетот и аплицирање на постојните Европски програми Horizon Europe и ERASMUS + како носители или партнери. Ќе настојувам да се формираат проектни тимови за изработка и апликација на меѓународни научно-истражувачки и стручни проекти.

Од особена важност е студентската партиципација и вклученост на младиот кадар во научно-истражувачката работа на Факултетот која треба да се одвива преку поттикнување и поддршка во воведувањето на научно-истражувачки проекти во наставните предмети од додипломските студии и задолжителна вклученост на студентите во тековните научно-истражувачки проекти на Факултетот. Активна партиципација на специјализантите и докторандите во научно-истражувачката работа на Факултетот и нивна

поддршка во меѓународна размена и учество на меѓународни научни конгреси каде ќе се промовира научно-истражувачката работа на Факултетот.

Научно-истражувачката политика на Факултетот ќе се развива отворено и транспарентно, а ќе се темели на работата на Деканатската управа, Комисијата за наука и Етичката комисија за научни истражувања и експериментални животни. Споменатите тела ќе бидат задолжени за генерирање политики и процедури кои ќе ги промовираат научните истражувања на Факултетот и ќе се заложат за реализација на гореспоменатите активности и заложби. Факултетот, преку поддршката на својот наставно-научен и научен кадар, ќе продолжи активно да учествува во научните и научно-стручните конгреси на меѓународен план. Дополнително, Факултетот ќе продолжи со организација на меѓународниот научно-стручен собир „Денови на Ветеринарна Медицина" на секои две години, каде вработените и докторандите при Факултетот заедно со признати научни работници од регионот, Европа и светот ќе ја презентираат својата научна работа и ќе имаат можност за остварување на идни соработки на полето на науката.

Во изминатиот период иницирав донесување на интерен правилник за проекти со цел да ја стимулирам и потикнам научно-истрачувачката активност на Факултетот.

Една од клучните цели за мене како кандидат за декан на ФВМ-С ќе биде и формирањето на Одделот за меѓународна соработка кој во претходниот мадат е предвиден како официјално тело во Статутот на ФВМ-С. Ова тело би имало централна улога при пронаоѓањето на потенцијални меѓународни партнери и да помага во припрема и изработка на проектите. Ќе се залагам за формирање на "тело за проекти" со основна задача изготвување стратегија за насоките на спроведување на идните научноистражувачки активности на ФВМ-С со јасно дефинирање на целите кои треба да се постигнат, промовирање на истражувачки тимови и нивна припрема за апликација на научно–истражувачки проекти пред се при повиците распишани од телата на Европската унија.

## 5. Меѓународна соработка

Развојот и напредокот на Факултетот се исклучително зависни од неговата меѓународна активност. Соработката со факултети и научни и апликативни институции со иста или слична дејност и промоцијата на Факултетот на меѓународно ниво се основа за стекнување нови вештини, практики и знаења. Дополнително, преку активната партиципација на меѓународно поле се овозможува размена на наставно-научен, научен кадар, докторанди, специјализанти и студенти. Во периодот што следи, меѓународната соработка ќе биде од особена важност во процесот на EAEVE акредитација на Факултетот каде преку остварените партнерства Факултетот ќе црпи искуства и вештини за исполнување на критериумите за негова меѓународна акредитација. Факултетот во својата досегашна работа ја потврдил својата отвореност и активност на меѓународно поле и оттука можам да споменам дека во мојата програма оваа област ќе продолжи во континуитет а посебен акцент ќе се стави на следните активности: Проширување на бројот на билатерални договори и нивно квалитетно искористување потпишани со сродни високообразовни, научни и стручни институции од странство; Продолжување и проширување на соработката со досега потпишаните билатерални договори (преку 20 во моментот) со институции од регионот, Европа и светот; Активна партиципација и реализација на мултилатералната Декларација и Договор за унапредување на ветеринарната медицина во регионот, неодамна потпишана во Сараево од страна на Деканите на Факултетите за ветеринарна медицина од регионот; Стратешки пристап на потпишување на нови билатерални договори со релевантни институции од Европа со цел подобрување на специфични области од наставната, научната и применувачката дејност;

Како иден декан ќе се залагам за активно учество и експанзија на програмите за мобилност, како ERASMUS +, CEEPUS и други, Промоција на програмите за мобилност пред наставно-научниот, научниот кадар, докторандите, специјализантите и студентите. Ќе настојувам зголемено искористување и добивање на повеќе мобилности во рамките на ERASMUS + и CEEPUS програмите.

Аплицирање и учество на Факултетот во нови дополнителни програми за мобилност и активирање во Marie Skłodowska-Curie Акции на HORIZON програмата. Преку реализација на наставни, научни и студентски размени по основ на билатералани договори ќе се зголеми и овозможи подршката на Факултетот при студентски размени во рамките на студентските организации активни на Факултетот и меѓународните асоцијации од областа на ветеринарната медицина и зголемување на бројот на наставно-научен, научен кадар, докторанди, специјализанти и студенти од странство кои престојуваат и реализираат активности на нашиот факултет како и апликација на проекти со главна компонента на мобилност на наставно-научен, научен кадар, докторанди, специјализанти и студенти од Факултетот.

## 5.1 Соработка и членување на Факултетот во меѓународни асоцијации

Факултетот членува во Veterinary Network of European Student and Staff Transfer-VetNest мрежата која ги вклучува факултетите за ветеринарна медицина од регионот и југоисточна Европа и ова членство на Факултетот ќе продолжи и во иднина. Еден од главните приоритети за Факултетот е неговото членство во European Association of Establishments for Veterinary Education (EAEVE) каде во моментов имаме статус на кандидат за членство, а полноправно членство ќе се добие при целосна EAEVE акредитација на нашиот факултет – ова е еден од клучните приоритети за Факултетот. Ќе се продлабочи соработката со меѓународните асоцијации како Federation of Veterinarians of Europe (FVE), European Food Safety Authority (EFSA) и др.

# 6. ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Главен и носечки столб за развој на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје останува и во следниот период применувачката дејност. Оваа дејност е од посебно значење за што поуспешно и поефикасно излегување во пресрет на потребите и барањата на нашите коминтенти но и на институциите од јавниот сектор, органите на државната управа од областа на земјоделие и храна и комерцијалните субјекти. Поради овие причини беа направени и измени во статутот на Факултетот каде е воведен единствен Национален

институт за ветеринарство и храна. Институтот кој ќе функционира во рамките на ФВМ-С ќе работи во конкурентски услови на пазарот и ќе биде носител на голем дел од финансиските приходи. Преку него ќе се обезбедуваат дополнителни финансиски средства за сите останати инвестиции пред сé во опрема, реагенси, потрошни материјали, тековно одржување и инвестиции во објектите и инфраструктирата, одржување и набавка на автомобили, осигурувања, инвестиции во човечки ресурси и ангажираност на вработените, едукација, патувања, тренинзи и сл. Во периодот кој следува, ни престои интеграција на применувачките дејности на Факултетот за чии потреби мораме да изградиме интегриран Лабораториски информативен систем, поврзан со постојан контакт со комитентите и барателите на лабораториски услуги, преку базите изградени на Факултетот за е-барање и е-достава и поврзување со базите на податоци на други надлежни државни институции за што ќе имаме и законска обврска. Поради сето горе наведено ни престојат сериозни активности за кои е потребен целосен ангажман на вработените на Факултетот и за чие остварување ќе стојам на располагање заедно со деканатската управа. За целите на информатичкиот систем ќе се ангажирам за обновување на постоечката мрежа на Факултетот која е стара неколку децении и набавка на соодветна компјутерска опрема. Ќе се залагам капацитетите на применувачката дејност на Факултетот да бидат дополнително промовирани пред економските оператори, надлежни органи на управата во државата задолжени за заштита на здравјето на животните, контролата на безбедноста и квалитетот на храната, клиничката пракса за домашни миленици и фармски животни како и мониторинг на амбиентални услови во објектите.

Деканот и деканатската управа како и во претходниот период така и во иднина посебно место во своите активности ќе посветат на применувачката дејност со цел одржување и постојано унапредување на системот за квалитет со проширување на опсегот на акредитирани методи согласно стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018. Ќе се залагам да се одржат моменталните и акредитација на нови методи согласно ISO/IEC EN МКС 17025:2018 со проширување на опсегот на методи за применувачката работа. Годишните планови за реакредитација на веќе акредитираните методи и планови за акредитација на нови методи со образложение за оправданоста ќе се ажурираат и доследно ќе се

применуваат. Ќе настојувам на проширување на опсегот на акредитација особено на оние методи за кои Факултетот користи надворешни добавувачи на услуги (договори за поддоговарање) со странски лаборатории, со цел заштеда на финансиски средства.

Како иден декан на ФВМ-С ќе се насочам кон изнаоѓање на дополнителни финансиски средства со цел проширување на применувачката дејност на Факултетот, воспоставувајќи интезивна соработка со стопанството, со МЗШВ, МОН, АХВ, достапните европски фондови и меѓународно финансирани проекти, стопански субјекти во земјата и странство заинтересирани за услуги од дејноста на Факултетот, а се со цел да се овозможи зачувување и унапредување на финансиска состојба на Факултетот .

Ќе биде изготвена анализа на пазарот за потенцијални комитенти со цел да се зголеми понудата за лабораториски услуги и стручни и експертски мислења кои ќе ги издава Факултетот, а согласно барањата на пазарот и комитентите со воспоставување и потпишување на договори за деловна соработка. Ќе биде изготвена и анализа за унапредување на активностите во универзитетската ветеринарна болница преку зголемување на нејзината понуда, активна примена на опремата наменета за современи дијагностички методи по која сме единствени во државата и пошироко, дејностите на биохемиската лабораторија, лабораторијата за микробиологија и останатите кои имаат активности при дијагностика и третман на домашните миленици и фармските животни.

Ќе се заложам согласно доставените планови од раководителите на лабораториите и раководителот на институтот и раководителот на УВБ, да се овозможат континуирани обуки на персоналот ангажиран во применувачката работа во европските референтни лаборатории и центри кои се реномирани во специфичните области на истражување, тестирање и дијагностика со обврска за дисеминација на стекнатото знаење помеѓу вработените на Факултетот. Се разбира за успешната применувачка дејност потрено е набавка на нова и современа лабораториска опрема и прибор за работа. За таа цел потребно е да се достават до деканатската управа плановите за набавки со прецизно образложение за целта и намената на набавката, нејзината примена и нејзината предвидена вредност, како и планираните трошоци околу нејзиното

одржување, потрошни материјали, обука на персоналот и обемот на нејзината примена и бројот на акредитираните методи по години и предвиден број на интервенции или дијагностички процедури. Секако останува отворена, и ќе биде широко поддржана од деканот и деканатската управа, секоја нова и издржана иницијатива на нашите професори и соработници кои своите активности од полето на апликација и научно-истражувачка дејност ги изведуваат и во неакредитираните лаборатории и УВБ кои имаат идеи за дополнителен развој на нови методи и технологии на истражување со кои ќе се зголеми реномето, капацитетите и препознатливоста на нашата институција. За исполнувањето на вака обемни планови се разбира дека е потребно изработка на листа со приоритети, со образложение по која ќе се набавува секоја година нова и современа опрема во лабораториите и УВБ и ќе се планираат инвестиции во реновирање, адаптација или проширување на просторот. Во рамки на овие активности потребно е и да се изврши замена на опремата на која и истекува сервисната поддршка или опрема која поради застареност на технологиите е вон употреба. Секако останува заложбата на деканот и деканатската управа да создадат услови, сите вработени своите идеи, иницијативи и професионални и стручни активности да ги остваруваат преку Факултетот. За таа цел со целосна посветеност, сериозно, транспарентно и непристрасно ќе бидат разгледнати сите барања за развој на областите кои досега не биле развиени. Сето ова е предизвик на деканатот и деканатската управа за чија реализација и имплементација искрено ќе се залагам преку обезбедување на финансистки средства и услови за исполнување на горе невадените цели. Во следниот период, поради несигурноста во економското опкружување во кој функционира Факултетот, ќе посветам особено внимание на правилната распределба на материјалните ресурси во лабораториите со цел зголемување на ефикасноста од применувачката работата. Со оглед на фактот дека нашата применувачка и клиничка дејност функцинира во услови на отворен пазар и конкурентски амбиент мора да се посвети посебно внимание на квалитетот на испорачаните услуги за што е потребно посебно придржување кон правилата за квалитет во сите области во кои работи Факултетот. За оваа цел е потребна посебна посветеност на сите вработени на Факултетот, во областите од применувачката активност во која се ангажирани, а особено

анализата на податоците од работењето и здоволството на клиентите што е обврска на деканатската управа и менаџерскиот тим на Факултетот.

Ќе се воспостави поголема достапност до листата на нашите услуги кон сите коминтенти, а воедно сите расположливи услугите што ги нуди ФВМ-С ќе бидат транспарентни и јавно достапни што ќе се постигне со дигитализација на информациите.

Имајќи ја во предвид, професионалноста и стручноста на вработените колеги во лабораториите, обуките кои ги имаат поминато, современата аналитичка опрема која во нашата држава но и во регионот ја поседува единствено Факултетот, ни овозможува да се профилираме и како регионален тренинг центар.

Се разбира целокупната применувачка дејност е поврзана со соодветна административна подршка во припрема на тендерски документи и водење на постапките за јавните набавки. Дополнително, за нивното спроведување, водење евиденција и нарачки ќе се заложам за вкучување на поголем број од вработените во лабораториите и УВБ, кои досега не биле вклучени, за што ќе бидат претходно обезбедени обуки и подршка од административната служба на Факултетот.

Со активностите кои беа превземени од претходниот декан и деканатска управа беше адаптиран просторот и набавена опрема за новата УВБ, која останува и понатаму приоритет на следниот декан, преку промовирање на дијагностичките и останатите услуги во терапијата и профилаксата. Ќе се заложам формирање наставен и истражувачки центар на локалитетот во Петровец, како стратешка цел со која квалитетно ќе се надополни високообразовниот процес. Со тоа ќе се реши повеќегодишниот проблем со просторот наменет за клиника за фармски животни, кој во иднина ќе биде основ за едукација на студенти, ќе овозможи услови за доживотно учење, ќе се исполнат пропишаните стандарди за грижа на пациентите и ќе се создадат услови за основање на тренинг-едукативен центар. Ќе се заложам за внесување на земјиштето и објектите во урбанистичките планови со цел понатамошни инвестиции на локалитетот, со што Факултетот ќе се стекне со дополнителни капацитети за изведување и развој на своите дејности. Со тоа во иднина ќе се

создадат капацитети за формирање на клиника за фармски животни/коњи, односно стационарен третман и грижа за големите животни.

## 7. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ

Обезбедувањето на квалитет на ФВМ-С се иплементира преку координаторите во Телото за контрола на квалитет определено со Статутот на ФВМ-С со цел да се обезбеди обединување, контрола, следење и одржување на напредокот во сите три сегменти од работата на ФВМ-С, настава, наука и апликација.

Создавање и одржување на систем за квалитетот ги вклучува сите вработени на ФВМ-С и тоа наставно-научниот, научниот кадар и соработниците, студентите, демонстраторите, ненаставниот кадар како и административниот и помошно-техничкиот кадар. Контролата и обезбедувањето на квалитетот на сите дејности на ФВМ-С како една единствена целина е можно само преку контролиран и организиран процес на постојани активности на вработените во чиј центар е подобрувањето во работењето.

Областите преку кои ќе се обезбеди системот за квалитет ќе вклучуваат: Правила и процедури за обезбедување и подобрување на системот за квалитет, Одобрување, мониторинг и периодична проверка на програмите за студирање, Проверка на работа на студентите, Обезбедување на квалитет на наставниците, Ресурси за образовни, научно-истражувачки и применувачки активности, Примена на системот за информации, Отвореност кон јавноста, Мобилност и меѓународна соработка, Студентска поддршка.

Како иден декан ќе настојувам на континуирано одржување и унапредување на едукативниот процес, научно-истражувачката и применувачката работа како и зачувување на статусот на национална референтна лабораторија во различни области на тестирање, воведување на нови методи на едукација, добра клиничка и лабораториска пракса, дисеминација на знаење преку постигнатите резултати во различните едукативни процеси. Се разбира иновативноста и кооперативноста како императив во работењето на Факултетот за ветеринарна медицина Скопје ќе бидат во согласност со националните и меѓународните стандарди и со запазување на начелото за почитување на етички стандарди.

Политиката за квалитет на Факултетот ќе биде дефинирана во согласност со мисијата, визијата и Стратегискиот план за развој на Факултетот, стратешките документи на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје и релевантното национално законодавство (Законот за високото образование), Стандардите и упатствата за обезбедување на квалитет во областа на Европското Високо Образование (ESG), Правилникот за стандардот и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација на Агенција за квалитет во високото образование во РС Македонија (АКВО), стандардите на Европскиот систем за евалуација на ветеринарната обука (ESEVT) и преку воспоставениот систем за квалитет а согласно барањата на стандардот МКС ISO/IEC 17025:2018. Како декан ќе настојувам Факултетот активно да го унапредува квалитетот преку активности за унапредување и промоција на квалитет во наставниот процес применувајќи ја автономијата загарантирана со Закон и Статут, академскиот интегритет, етика и одговорност. Ќе се грижам за обезбедување еднакви можности за сите вработени и студенти и професионален пристап во работењето, промовирање и практикување на континуиран мониторинг, унапредување и интегрирање на едукативните, научно-истражувачките и применувачките активности кои ќе бидат искористени при подобрување на квалитетот на наставата, науката и применувачкта работа на Факултетот и имплементирање на мерки за понатамошен економскиот развој. Ќе работам на континуирано подобрување и унапредување на методите за едукација и развој на дигитални вештини. Унапредувањето на постоечките и развој на нови методи и технологии за тестирање ќе се спроведува согласно барањата на националното законодавство, комитентите, надлежните државни тела, учество во споредбени тестирања организирани од реномирани организации и Европските референти лаборатории и други институции од област на истражувања и високо образование. Проширување на опсегот на акредитација на лабораториите ќе биде во согласност со потребите, барањата на комитентите и барањата на законодавството, но при тоа водејќи сметка за рационалното користење на ресурсите и придобивките на Факултетот.

Ќе работам кон зачувување на високо ниво на доверливост кон клиентите за доставените информации, добиените резултати од тестирањето, како и одржување на принципот на непристрасност и независност во работењето,

притоа почитувајќи ја релевантната законска регулатива. Ќе работам на зголемувањето на компетентноста преку континуирани обуки на вработените на Факултетот, потикнување за учество на тренинзи, семинари, работилници во назначени и реномирани институции во земјата и странство. Ќе ја промовирам тимската работа и дисеминацијата на стекнатите знаења и вештини, афирмацијата на вработените и соработката со сите вработени и студенти на Факултетот, академска заедница, стопанството, домашната и меѓународна јавност. Со тоа ќе обезбедиме транспарентност и професионалност во сите активности и области на работа на Факултетот. Факултетот ќе има постојана комуникација и одржување на партнерски односи со корисниците на услуги согласно нивните барања, преку имплементирање на законската регулатива, стандардите и добрите практики, одговорно и транспарентно финансиско работење насочено кон развој на Факултетот и подобрување на работните услови на вработените и студентите, примена на процедури за внатрешен и надворешен аудит на системот за обезбедување квалитет во наставата, научно-истражувачката, лабораториската, дијагностичката и клиничката работа со запазување на политиките за квалитет на ФВМ-С.

Како декан ќе се грижам политиката за квалитет на Факултетот, како и досега и во иднина да биде основната рамка за имплементација на системот за квалитет, документ кој јавно ќе биде достапен за вработените, нашите коминтенти, надворешни соработници и јавноста. Политика за квалитет успешно ќе се спроведе единствено доколку е разултат од секојдневните активности на сите вработени на ФВМ-С. Политиката за квалитет ќе биде предмет на ревизии и измени согласно извештаите од спроведените аудити и евалуации според кои ќе се водиме при воведување на системски промени и дополнувања. Како декан ќе работам на формирање соодветни работни тела за изработка на нормативи за проценка на капацитетите на наставниот, наставно-научниот, соработничкиот и останатиот кадар на Факултетот, преку кои реално ќе се утврди ангажманот во наставната, научната и применувачката дејност.

За обезбедување и подобрување на квалитетот како и за негова промоција ќе бидат формирани тела кои ќе организираат, координираат и спроведуваат евалуациски процедури и постапки, ќе развијат механизми и индикатори за евалуација и анализа.

## 8. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Како кај сите високообразовни институци во земјата, така и на Факултетот за ветеринарна медицина, за почитување на законитоста при финансиското работење одговорен е Деканот. Факултетот е обврзан своето финасиско работење да го темели врз основа на почитување на легислативата која е пропишана во Законот за буџет и буџетско работење, Законот за данок на додадена вредност, Законот за персонален данок и Законот за внатрешна финансиска контрола, како и врз својот Статут и Правилниците кои произлегуваат од него. Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје се вбројува во институции од јавен карактер и има буџетски начин на финасирање. Поради тоа работата со финасиите мора да се темели на детално изготвени планови за користење на средства, а кои се извршуваат почитувајќи ги принципите на трезорско работење. Согласно законската рамка, на високообразовните установи им е загарантирана финансиката автономија и самостојно располагаат со средствата добиени од партиципација од студентите, како и со другите сопствени приходи како што е применувачката дејност. Но ваквата финасиска автономија, со оглед на фактот дека сите средства се слеваат по сметки во буџетот, не подразбира и самостојно располагање и трошење на средствата од самофинасирачки извори.

И покрај тоа што приходите ги добиваме и од самофинансирачките активности, согласно законите, сме обрзани на трезорско работење, преку доделување на планови со кои ги плаќаме обврските кон нашите надворешни добавувачи но и кон нашите вработени. Проблемот со овие планови, е што се одобруваат од Министерствот за финансии и УКИМ и досега честопати не се во согласност со потребите за тековните активности односно ги нарушуваат плановите за јавни набавки донесени според потребните и барањата на Факултетот. Поради тоа како декан ќе се обидам да ја намалам оваа финансиска зависност во располагањето со нашите средства со цел непречена континуирана активност и развој. Се разбира ќе останам посветен и на понатамошно инвестирање во капиталните добра на Факултетот, зачувувајчи ја како и досега одличната соработка со телата во ректоратот на УКИМ. И во претходните години ФВМ-С преставуваше една од ретките единици на УКИМ

со речиси целосна искористеност на годишните планови благодарејќи на рационалното и прецизно планирање и спроведување на планираното, притоа почитувајчи ги законите во РСМ. Во оваа смисла Деканатот заедно со Одделението за финансиски работи ќе се ангажира за рационална реализација на средствата од сопствената сметка кои согласно со условите за трезорско работење прецизно ќе се планираат по приходни и расходни ставки.

Факултетот во своето работење во делот на Јавните набавки, е обврзан да спроведува постапки за набавки преку електронскиот систем за јавни набавки. Оваа активност како и досега и во иднина ќе се заложам да се спроведува со поддршка од административната и правната служба, но и од останатите вработени на Факултетот со посебно залагање за вклучување во овој процес на поголем број на вработени кои досега ја немале оваа работна задача, се разбира со претходно спроведени обуки. Оваа состојба ќе продолжи и понатаму, а Факултетот ќе работи единствено по позитивните законски норми кои важат за јавните набавки.

Како иден декан ќе се залагам, согласно законските регулативи, за танспарентност и подобрување на финансиското работење на Факултетот, како и пораст и подобрување условите за работа и стандардот и благосостојбата на вработените. Поради тоа, ќе продолжиме и во иднина да се придржуваме на начелата за домаќинско и рационално работење со внимателна распределба на сретствата со кои располага Факултетот по претходно направена анализа.

Во периодот кој што следува ни претстојат значајни предизвици во кои треба да се реализираат активности кои ќе ја гарантираат финансиската стабилност на Факултетот. За таа цел потребно е да се направи понатамошно промовирање на интелектуалните, стручните и лабораториските услуги кои ги нуди Факултетот на нашите комитенти, стопанство, органи на управата кои работат во областите на земјоделството, храната, здравствената заштита, животната средина и останати преку потпишување на договори за соработка во кои ќе бидат дефинирани нашите обврски и приходи. Исто така, на нашите комитенти, баратели на услуги, ќе им бидат понудени и информатичките алатки за е-барање, е-достава и е-фактура со кои ќе се забрза процесот на комуникација и размена на информации, но и ќе се ажурира наплатата на извршените услуги во реално време.

Факултетот и во иднина ќе мора да се потпира на договори со надворешни добавувачи на услуги за потребите од обврските превземени со потпишаните договори за одредени лабораториски услуги за кои се издвојуваат финасиски средства од самофинансирачки извори. Но како декан, превземам обврска за намалување на овие издатоци преку акредитација на методите во нашите лаборатории со кои ќе се одговори на барањата на комитентентите.

Се разбира дека вреднувањето на ангажманот на вработените се дефинира со одребите на правилници за плата и одлуките на Деканатската управа во кои е воспоставен модел за наградување и мотивација преку парични и непарични награди преку кои треба да се зголеми мотивираноста кај вработените за поголем ангажман при извршувањето на работните задачи на Факултетот. Како декан ќе се заложам за понатамошно продолжување на ваквиот начин на наградување кој ќе биде базиран на реални остварувања за успешноста на вработениот и придржувајќи се на принципите на транспарентност согласно закон.

И понатаму ќе работам за зачувување и унапредување на работата на централен магацин на ФВМ-С со кој се направи рационализација на потрошните материјали и реагенси, транспарентност во трошењето, набавките и сл. Како и до сега така и во иднина преку централниот магацин ќе се води евиденција за трошењето на материјалите и реагесните за работа, следење на исцрпеност на поедини ставки во договорите, нивната намена (применувачка дејност, истражување, наука, клиничка дејности и сл.), согласно превземените обврски и од договорите, научно-истражувачките проекти и сл. Исто така, ќе се обезбеди софтверски пристап за раководителтите на лаборатории со кои ќе можат во реално време да имаат увид во материјалите на залиха, подготовка на барањата за набавка, но и при изготвување на тендерската документација и започнување на процедура за нова јавна набавка. Ваквите активности во централниот магацин ќе се превземат со единствена цел транспарентност на превземените материјали и средства за работа, рационализација при распишување на постапките за јавните набавки, а се со една цел рационализација во трошењето и подобрување на финансиската состојба на Факултетот.

Како иден декан ќе работам посветено на финансиско планирање и аналитичко следење на приходите и расходите со цел да добиеме показатели кои ќе овозможат правилна реализирање на проекциите за развој преку правична распределба на финансиските средства во рамките на Факултетот.

За набавка на услугите потребни за тековно работење на ФВМ-С при постапката спроведување на јавните набавки (сервисирање, калибрации, верификации, одржување, хигиена, обезбедување и сл.) ќе се надгради посебен модул во системот кој го поседуваме со цел софтверска анализа на овие активности кои се серозна расходна ставка од буџетот.

Како декан ќе ја искористам можноста за зголемување на платите согласно колективниот договор одобрен од Министерството за образование и наука, Министерството за финансии и од Владата, кој треба да започне да се применува од 2024 и 2025 година. Се разбира ова покачување треба да биде следено и со сопствени самофинансирачки извори во делот од платата, што ќе биде посебен финансиски предизвик за деканот и деканатската управа, поради зависноста од приходите кои ги има Факултетот од самофинансирачките активности.

## 9. ЗАКЛУЧОК

Почитувани колеги, вработени на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, наставници, соработници, почитувани студенти, во програмата која ви ја преставив го вградив своето целокупно знаење кое го темелам на долгогодишното искуство као наставник, истражувач, раководител на Институт за храна, раководител на лабораторија, член на деканатската управа и член на Наставно-научниот совет на Факултетот. Во програмата ја внесов моменталната слика на Факултетот, од моја гледна точка, насоките според кои како иден декан на Факултетот ќе работам, со цел развој и унапредување на сите области во кои што делува Факултетот.

Вршењето на функцијата декан за мене ќе биде голема чест, а уште поголемо ќе биде признанието дека мојата долгогодишна посветена работа, сите достигнувања во наставната, научната, апликативната и стручната област, постигнувњата на раководните позиции но и етичноста, колегијалноста и

досегашната соработката, се препознаени како гаранција дека на Факултетот на кој сакам да станам декан и понатаму успешно ќе се развива.

Од презентираното во програмата, се надевам дека, како членови на Наставно-научниот совет, ќе ми ја дадете вашата неопходна поддршка во нејзината реализација.

Со почит

проф. д-р Деан Јанкулоски